**З А П И С Н И К**
**од Сто педесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 24 февруари 2026 година**

**Скопје, февруари 2026 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто педесет и втората седница седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 24 февруари 2026 година**

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа замениците на претседателот на Владата Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Муамет Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање, Борко Ристовски, министер за спорт, д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и м-р Хасим Муртезани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, -д-р Викторија Трајков, заменик на министерот за европски прашања, проф. д-р Николче Јанкуловски, Албрим Хоџа, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, м-р Ерџан Селими, заменик на министерот за локална самоуправа и д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација.

На седницата присуствуваа и м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Филип Филиповски, директор на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија - Скопје.

Од седницата отсуствуваа д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Горан Минчев, заменик на министерот за јавна администрација.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од од Сто и педесеттата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 февруари 2026 година
-Усвојување на Записникот од Сто четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јануари 2026 година

1. Информација за определување на правото на користење на движните археолошки наоди од археолошкиот локалитет Скопска тврдина Кале

2. Информација за продолжување или запирање на судската постапка за признавање и извршување на судска одлука против Ставри Крумов Ставри од Софија, Република Бугарија пред Софискиот градски суд СТР бр.08-27/22

3. Годишен извештај за работењето за 2024 година, финансиските извештаи и Извештајот на независниот ревизор за годината што завршува на 31 декември 2024 година на Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје, со предлог-одлуки

4. Финансиски план на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - ц.о. Скопје за 2026 година, со дополнување

5. Програма за работа и Финансиски план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2026 година, со Предлог-одлука

6. Предлог - одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за државни патишта за 2026 година, со Предлог – одлука

7. Информација за потребата за обезбедување на деловен простор за Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ – п.о. Скопје, со Предлог – одлука

8. Информација со Барање и Акциски план со дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки содржани во Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о. – Скопје, со дополнувања и прилози

9. Предлог-одлука за давање на согласност на одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ – Скопје за 2026 година

10. Предлог-одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје за 2026 година, Предлог - одлука

11. Предлог-одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче - Велес за 2026 година, со Предлог-одлука

12. Годишна програма за работа и развој на Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје за 2026 година, со Предлог – одлука

13. Информација за Договор за финансирање склучен со Европска инвестициска банка (ЕИБ) за изградбата на интерконективен гасовод на Република Северна Македонија – Грција, со текст на Писмо за отстапување (Waiver Letter)

14. Информација за потребата од обезбедување на грант за техничка помош преку Грант инструментот за подготовка на проекти (GFPP) на Светска банка за подготовка на потребната документација за проектот „Комбинирана гасна електрана во ТЕЦ „Битола“ и проширување на мрежата за централно греење за градот Битола“

15. Финансиски план на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје за 2026 година

16. Предлог - програма за изменување и дополнување на Програмата за статистички истражувања за периодот 2023-2027 година

17. Информација за назначување на претставник на Република Северна Македонија во Заедничкиот комитет на државите сукцесори на поранешна СФР Југославија, за сукцесија на архивите од Анексот Г (Анексот Д) на Спогодбата за прашањата за сукцесија, со Предлог-решение

18. Предлог – одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (Имотен лист бр.156807, КО Охрид 2)

19. Полугодишен извештај за работата на Државниот архив на Република Северна Македонија, за период од 1 јануари 2025 година до 30 јуни 2025 година

20. Предлог национална стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам 2026-2029, со Акциски план за спроведување на Националната стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам

21. Информација за Годишен извештај за ревизорска активност и годишно ревизорско мислење за 2024 година согласно ИПА III за Годишната акциска програма за животна средина 2022 и Годишно ревизорско мислење за 2024 година за ИПА III на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош

22. Информација за годишните ревизорски извештаи за ревизорска активност и годишните ревизорски мислења за 2024 година согласно ИПА II на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош

23. Информација за критични места кои се потенцијална опасност од поплави согласно акциски план и барање финансиски средства за чистење на критичните места

24. Известување за преземените активности во врска со Одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 5 февруари 2026 година до 11 февруари 2026 година

25. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 5 февруари 2026 година до 11 февруари 2026 година

26. Информација за отпочнување со реализација на проекти со средства обезбедени во буџетот на Министерство за транспорт, Програма 3-Урбанизам и градежништво, Потпрограма 30-Урбанизам и градежништво, ставка 482-Други градежни објекти

27. Информација за одобрување на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за градежна парцела 5.1 – Административен комплекс на Министерство за внатрешни работи, Блок Ј 21.05, од Детален урбанистички план за Градска четврт Ј 21 – локалитет Клинички центар и Геолошки завод, КО Центар 2, Општина Центар-Скопје, со Предлог-одлука

28. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина– вулкански туф на локалитетот „с.Отошница“, Општина Ранковце 2/2024 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.18/24), со Предлог–одлука

29. Извештај од анализата на нацрт-стратешките планови за 2026-2028 година на министерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата, содржината и нивната усогласеност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година

30. Предлог–програма за развој на угостителството во Република Северна Македонија за 2026 година

31. Предлог–одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Белско Поле“, Општина Кочани

32. Предлог–одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за производство, трговија и услуги Песок РСН ДОО Конче на локалитетот ,,Конче”, Општина Конче

33. Информација за формирање комисија за проверка на исполнетоста на условите на економски оператори за учество во постапките за набавки за потребите на НАТО и нејзините земји членки

34. Информација за изработка на Посебна програма за ажурирање на Планот за одбрана за 2026 година на Република Северна Македонија, со текст на Посебна програма

35. Информација за учество на припадници на Армијата на Република Северна Македонија во силите на НАТО за обезбедување на источните и југоисточните граници на Алијансата во рамки на Мултинационалната бригада во Латвија (Multinational Brigade – Latvia), со текст на Пристапна нота

36. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Зенделска против Северна Македонија А.бр.18364/21

37. Известување во врска со информациите за правосилност на пресудите на Европскиот суд за човекови права во предметите АД Осигурителна полиса Скопје и други против Република Северна Македонија А. бр.62544/19 и 6430/20 и нејзиното извршување, разгледани на Сто четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јануари 2026 година, точка 32 и точка 33

38. Предлог-програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2026 година

39. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на затворската полиција за 2026 година

40. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации (*)

41. Информација за потпишување на Меморандум за разбирање за соработка во областа на сајбер-безбедноста помеѓу администрацијата на Државната служба за специјални комуникации и заштита на информации на Украина и Министерството за дигитална трансформација на Република Северна Македонија, со усогласен текст на Меморандум

42. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Компјутерски науки“ на англиски јазик на Факултетот за современи науки и технологии при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог – решение

43. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Економија“ на Факултетот за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог - решение

44. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Бизнис администрација“ на англиски јазик на Факултетот за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог-решение

45. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Бизнис

администрација“ на Факултетот за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог-решение

46. Информација за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Дизајн и технологии на мебел и ентериер“ на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, со Предлог-решение

47. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Економија“ на англиски јазик на Факултетот за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог-решение

48. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Историја на уметност и археологија“ на Филозофскиот факултет во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

49. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Менаџмент“ на англиски јазик на Факултет за економски и административни науки при Меѓународниот балкански универзитет - Скопје, со Предлог – решение

50. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Економија“ на англиски јазик на Факултет за економски и административни науки при Меѓународниот балкански универзитет - Скопје, со Предлог – решение

51. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Етнокореологија“ на Музичката академија при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог - решение

52. Информација  за проектот „Реконструкција на атлетска патека во Општина Велес“

53. Предлог-програма за задолжителна и препорачана имунизација низ целиот живот за 2026 година

54. Предлог-програма за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2026 година

55. Предлог-програма за трансплантација во Република Северна Македонија за 2026 година

56. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Специјализирана болница за нефрологија - Струга (апарати за хемодијализа)

57. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за нефрологија - Скопје (апарати за хемодијализа)

58. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 Септември“ -Скопје (пет апарати за хемодијализа)

59. Предлог-одлука за распределба на средствата од игрите на среќа и забавните игри за финансирање на субјектите - корисници од дејноста спорт за 2026 година

60. Предлог-одлука за давање во закуп на дел од недвижна ствар со непосредна спогодба на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје

61. Годишна програма за работата на Државниот завод за ревизија за 2026 година

62. Годишна програма за работа на Агенцијата за пошти за 2026 година, со Финансиски план за 2026 година и Одлука за определување на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок за 2026 година

63. Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.13/2025 од 19 ноември 2025 година за поведување постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/25), со издвоено мислење

64. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.177/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 24 став 7 во делот „составот или употребата на одредени суровини, хемикалии или други материјали или производи може да“ и член 28 став 5 во делот „составот или употребата на одредени суровини, хемикалии или други материјали или производи“ од Законот за контрола на индустриски емисии („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.193/25)

65. Понуда од нотар Антонио Јанчев од Гевгелија, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.7501, за КО Гевгелија, на КП бр.7069, викано место/улица „Маршал Тито“ и Имотен лист бр.2661, за КО Гевгелија, на КП бр.7069, викано место/улица „Маршал Тито“

66. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2355, за КО Јурумлери, на КП бр.261/3, викано место/улица ,,Герани”

67. Понуда од нотар Богданка Бакаловска од Ресен, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.532 и Имотен лист бр.56059, за КО Ресен, на КП бр.5522, викано место/улица „И.Р.Лола“

68. Понуда од нотар Дејан Павлоски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.8027, за КО Ѓорче Петров 1 – Ново Село, на КП бр.238, викано место/улица „ул.108“

69. Понуда од нотар Гоце Павловски од Ресен, за продажба на недвижен имот - земјиште на КП бр.5427, за КО Ресен, евидентиран во Имотен лист бр.503 викано место/улица „К.Мисирков", како и недвижен имот – објект од КП бр.5427, КО Ресен, евидентиран во Имотен лист бр.5995

70. Известување од извршител Јадранка Пајиќ Поп Кочева од Скопје, доставено под И.бр. 526/2024 за Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 25 февруари 2026 година, за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.453, за КО Виничани, на КП бр.225, викано место/улица „Лаката"

71. Финансиски извештаи за годината завршена на 31 декември 2024 година, со Извештај на независниот ревизор на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА),

72. Кадровски прашања

73. Прашања и предлози

74. Информација за статус на големиот ИПА проект „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и проширување на канализационата мрежа во Тетово" и исходот од постапката за преговарање за Лот 1

75. Информација за статусот на мерката од Реформската агенда 2024-2027 - мапирање на 100 административни постапки согласно начелото на зачестеност и релевантност во однос на работењето на МСП  и најмалку 50 % од постапките за половина ги намалиле чекорите, времетраењето на постапката и потребната документација

76. Предлог - одлука за спојување на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија-Скопје со Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија Скопје во Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија и кардиоваскуларна хирургија „Национален центар за кардиоваскуларни заболувања" -Скопје

77. Информација за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги АТА-ФАРМ ГРУП увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

78. Информација за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Каннабиноидс ДОО увоз-извоз Кочани, со Предлог-одлука

79. Информација за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Греен лифе ДОО, с. Јосифово, Валандово, со Предлог-одлука

80. Информација за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Лифе плант ДОО увоз-извоз , Струмица, со Предлог-одлука

81. Информација за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги ЦБД МЕДПЛАНТ доо с.Борисово, Ново Село , со Предлог-одлука

82. Информација за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, промет, трговија и услуги Алпхапхарм гроуп ДОО Скопје, со Предлог-одлука

83. Барањето на Владимир Бојаниќ, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, по член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

84. Предлог - уредба за начинот на утврдување на платите, додатоците на плата и надоместоците на определени трошоци во дипломатско-конзуларното претставништво

85. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за формирање Меѓуресорска комисија за спроведување на политиката за упатување лица од Република Северна Македонија во меѓународни мисии и меѓународни организации и за упатување на лица во меѓународни мисии и меѓународни организации

86. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Димзовска против Северна Македонија А.бр. 28268/21

87. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите против Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права Петрушевски и др. А.бр. 1345/24 и 18 други апликации, со прилог

88. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Митровски против Република Северна Македонија А.бр.46011/22 и Гиевски против Република Северна Македонија А.бр46080/22

89. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Смилков против Северна Македонија А.бр.57830/21

*

*    *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јануари 2026 година и Записникот од Сто и педесеттата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 февруари 2026 година

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за определување на правото на користење на движните археолошки наоди од археолошкиот локалитет Скопска тврдина Кале.

**Точка 2**

Владата, ја одложи од разгледување Информацијата за продолжување или запирање на судската постапка за признавање и извршување на судска одлука против Ставри Крумов Ставри од Софија, Република Бугарија пред Софискиот градски суд СТР бр.08-27/22, поради потребата Предлагачот да побара од адвокатска канцеларија од Република Бугарија да се произнесе во однос на тоа дали настапила застареност на побарувањето на Република Северна Македонија.

Предлагачот да ја извести Владата кога повторно материјалот да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

**Точка 3**

Владата по Годишната сметка за 2024 година, Годишниот извештај за работењето за 2024 година, финансиските извештаи и Извештајот на независниот ревизор за годината што завршува на 31 декември 2024 година на Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје, со предлог-одлуки ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје за 2024 година.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје за 2024 година.

3. Ги разгледа финансиските извештаи и Извештајот на независниот ревизор за годината што завршува на 31 декември 2024 година на Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Јавното претпријатие Колекторски систем Скопје, во рок од 30 дена до Владата да достави информација за преземените мерки, во врска со постапувањето по забелешките во ревизорскиот извештај.

**Точка 4**

Владата го одложи разгледувањето на Финансискиот план на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - ц.о. Скопје за 2026 година, со дополнување, за наредната седница на Владата.

**Точка 5**

Владата ги одложи од разгледување Програмата за работа и Финансиски план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2026 година, со Предлог-одлука, поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот согласно укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за економија и труд.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на дневен ред на седница на Влада.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за државни патишта за 2026 година, со Предлог – одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за државни патишта за 2026 година.

**Точка 7**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за потребата за обезбедување на деловен простор за Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" – п.о. Скопје, со Предлог – одлука.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата со Барање и Акциски план со дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки содржани во Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" п.о. – Скопје, со дополнувања и прилози и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Министерството за финансии):

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" п.о. Скопје да направи конфирмација (во која ќе се констатира дека нема буџетски побарувања).

2. Се укажува на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" п.о. Скопје, врз база на добиените документи, да изврши сметководствено регулирање на обврските и побарувањата.

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за давање на согласност на одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" – Скопје за 2026 година.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија" - Скопје за 2026 година, Предлог - одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија" - Скопје за 2026 година.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче - Велес за 2026 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за

утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче - Велес за 2026 година.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа и развој на Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје за 2026 година, со Предлог - одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работа и развој на Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје за 2026 година.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за Договор за финансирање склучен со Европска инвестициска банка (ЕИБ) за изградбата на интерконективен гасовод на Република Северна Македонија – Грција, со текст на Писмо за отстапување (Waiver Letter) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Писмото за отстапување (Waiver Letter) по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“, склучен меѓу Европската инвестициона банка и НОМАГАС АД Скопје.

2. Ги овласти м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и Недим Рама, извршен директор на НОМАГАС АД Скопје, да го потпишат Писмото за отстапување (Waiver Letter) по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“, склучен меѓу Европската инвестициона банка и НОМАГАС АД Скопје.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на грант за техничка помош преку Грант инструментот за подготовка на проекти (GFPP) на Светска банка за подготовка на потребната документација за проектот „Комбинирана гасна електрана во ТЕЦ „Битола“ и проширување на мрежата за централно греење за градот Битола“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје во соработка со Министерството за финансии да подготви и достави барање до Светска банка за обезбедување на техничка помош (грант средства), преку Грант инструментот за подготовка на проекти (GFPP), за подготвителни студии, Физибилити студија и Студија за оценка на влијанието врз животната средина и сродни студии за проектот „Комбинирана гасна електрана во ТЕЦ „Битола“ и проширување на мрежата за централно греење за градот Битола“, со укажување дека зависно од резултатите и наодите од подготвената документација, Владата дополнително ќе се произнесе по однос на финансирањето и имплементацијата на овој проект.

Ова барање да се достави до Светска банка по завршување на постапките предвидени со Уредбата за управување со јавни инвестиции за подготовка и проверка на образецот за концепт ,,Комбинирана гасна електрана во ТЕЦ „Битола“.

2. Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје по завршување на подготовката на

документацијата, наведена во Заклучокот бр. 1 за проектот „Комбинирана гасна електрана во ТЕЦ „Битола“ и за можноста за проширување на топлификационата мрежа за град Битола“, да подготви и да достави информација до Владата за резултатите од изработените студии и за можноста за финансирање и имплементација на Проектот.

**Точка 15**

Владата го разгледа Финансискиот план на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје за 2026 година, како материјал за информирање.

**Точка 16**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за статистички истражувања за периодот 2023-2027 година.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за назначување на претставник на Република Северна Македонија во Заедничкиот комитет на државите сукцесори на поранешна СФР Југославија, за сукцесија на архивите од Анексот Г (Анексот Д) на Спогодбата за прашањата за сукцесија, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за назначување на претставник на Република Северна Македонија во Заедничкиот комитет на државите сукцесори на поранешна СФРЈ за сукцесија на архивите од Анексот Г (Анексот Д) на Спогодбата за прашањата за сукцесија.

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (Имотен лист бр.156807, КО Охрид 2).

**Точка 19**

Владата го разгледа и го усвои Полугодишниот извештај за работата на Државниот архив на Република Северна Македонија, за период од 1 јануари 2025 година до 30 јуни 2025 година.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Предлог националната стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам 2026-2029, со Акциски план за спроведување на Националната стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам и ја донесе Националната стратегија за борба против перење пари и финансирање тероризам 2026-2029, со Акциски план за спроведување на Националната стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам (усогласени со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишен извештај за ревизорска активност и годишно ревизорско мислење за 2024 година согласно ИПА III за Годишната акциска програма за животна средина 2022 и Годишно ревизорско мислење за 2024 година за ИПА III на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, како материјал за информирање.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за годишните ревизорски извештаи за ревизорска активност и годишните ревизорски мислења за 2024 година согласно ИПА II на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, како материјал за информирање.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за критични места кои се потенцијална опасност од поплави согласно акциски план и Барање финансиски средства за чистење на критичните места, ја усвои и ги задолжи Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ја разгледаат моменталната состојба и ризикот од поплави и согласно добиените сознанија на наредната седница на Владата да предложат решение за надминување на оваа состојба.

**Точка 24**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 5 февруари 2026 година до 11 февруари 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 25**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 5 февруари 2026 година до 11 февруари 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проекти со средства обезбедени во буџетот на Министерство за транспорт, Програма 3-Урбанизам и градежништво, Потпрограма 30-Урбанизам и градежништво, ставка 482-Други градежни објекти и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2026 и 2027 година на Министерството за транспорт, за Изградба на атмосферски канализационен систем за н.м. Просениково, Општина Струмица, во вкупна вредност од 57.300.000,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2026 година – средства во износ од 29.000.000,00 денари со вкључен ДДВ и
- 2027 година – средства во износ од 28.300.000,00 денари со вкључен ДДВ.

2.Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2026 и 2027 година на Министерството за транспорт, за Изградба на дел од фекален канализационен систем во н.м. Градошорци, Општина Василево, во вкупна вредност од 25.200.000,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2026 година – средства во износ од 12.700.000,00 денари со вклучен ДДВ и
- 2027 година – средства во износ од 12.500.000,00 денари со вклучен ДДВ.

3. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2026 и 2027 година на Министерството за транспорт, за Изградба на фекална канализација во с. Моноспитово (трета фаза), Општина Босилово, во вкупна вредност од 37.000.000,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2026 година – средства во износ од 18.500.000,00 денари со вклучен ДДВ и
- 2027 година – средства во износ од 18.500.000,00 денари со вклучен ДДВ.

4. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2026 и 2027 година на Министерството за транспорт, за Реконструкција на капела на градски православни гробишта на КП 2416/1 КО Куманово, Општина Куманово, во вкупна вредност од 36.500.000,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2026 година – средства во износ од 18.500.000,00 денари со вклучен ДДВ и
- 2027 година – средства во износ од 18.000.000,00 денари со вклучен ДДВ.

5.Се задолжува Министерството за транспорт да ги обезбеди потребните средства предвидени за 2026 и 2027 година во рамки на максималните износи на расходи за соодветните фискални години.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за градежна парцела 5.1 – Административен комплекс на Министерство за внатрешни работи, Блок Ј 21.05, од Детален урбанистички план за Градска четврт Ј 21 – локалитет Клинички центар и Геолошки завод, КО Центар 2, Општина Центар-Скопје, со Предлог-одлука ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за градежна парцела 5.1 – Административен комплекс на Министерство за внатрешни работи, Блок Ј 21.05, од Детален урбанистички план за Градска четврт Ј 21 – локалитет Клинички центар и Геолошки завод, КО Центар 2, Општина Центар.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина– вулкански туф на локалитетот „с.Отошница“ Општина Ранковце 2/2024 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.18/24), со Предлог–одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – вулкански туф по Јавен повик за доделување на

концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - вулкански туф на локалитетот „с.Отошница“ Општина Ранковце 2/2024.

**Точка 29**

Владата го разгледа Извештајот од анализата на нацрт стратешките планови за 2026-2028 година на министерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата, содржината и нивната усогласеност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Извештајот од анализата на нацрт стратешките планови за 2026-2028 година на министерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата, содржината и нивната усогласеност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година.

2. Се задолжуваат сите министерства и другите органи на државната управа, нацрт стратешките планови за 2026-2028 година да ги усогласат со заклучните согледувања и препораките содржани во Извештајот од анализата на нацрт-стратешките планови за 2026-2028 година на министерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата, содржината и нивната усогласеност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024 - 2028 година, со Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и годишниот план за работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/18) и истите да ги објават на своите веб-страници, најдоцна до 15.3.2026 година.

**Точка 30**

Владата ја донесе Програмата за развој на угостителството во Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Белско Поле“, Општина Кочани.

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за производство, трговија и услуги Песок РСН ДОО Конче на локалитетот „Конче”, Општина Конче.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање комисија за проверка на исполнетоста на условите на економски оператори за учество во постапките за набавки за потребите на НАТО и нејзините земји членки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за економија и труд, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи и Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, во рок од пет дена до Министерството за одбрана да достават номинации за член и заменик - член во комисијата

за проверка на исполнетоста на условите за учество во постапките за набавки за потребите на НАТО и нејзините земји - членки.

2. Се задолжува Министерството за одбрана во рок од седум дена до Владата да достави предлог-решение за изменување на Решението за формирање комисија за проверка на исполнетоста на условите за учество во постапките за набавки за потребите на НАТО и нејзините земји – членки.

**Точка 34**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за изработка на Посебна програма за ажурирање на Планот за одбрана за 2026 година на Република Северна Македонија, со текст на Посебна програма, со оглед дека истата е разгледана на Сто педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 февруари 2026 година.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за учество на припадници на Армијата на Република Северна Македонија во силите на НАТО за обезбедување на источните и југоисточните граници на Алијансата во рамки на Мултинационалната бригада во Латвија (Multinational Brigade – Latvia), со текст на Пристапна нота и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја прифати Пристапната нота за учество во Техничкиот аранжман помеѓу Министерство за одбрана на Република Латвија и Министерство за национална одбрана на Канада и Канадските вооружени сили во врска со Мултинационалната бригада на НАТО - Латвија, предводена од Канада и обезбедувањето на поддршка од земјата домаќин и други должности.

2. Се овластува полковник Горан Кочев – национален воен претставник во Националното воено претставништво при НАТО Сојузничката команда за операции, во Врховниот штаб на сојузничките сили во Европа (SHAPE) во Монс, Кралство Белгија, да ја потпише Пристапната нота за учество во Техничкиот аранжман помеѓу Министерство за одбрана на Република Латвија и Министерство за национална одбрана на Канада и Канадските вооружени сили во врска со Мултинационалната бригада на НАТО - Латвија, предводена од Канада и обезбедувањето на поддршка од земјата домаќин и други должности.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Зенделска против Северна Македонија А.бр.18364/21 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за спогодбено решавање на предметот Зенделска против Северна Македонија А.бр.18364/21.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата, на апликантката од предметот Зенделска против Северна Македонија А.бр.18364/21, ќе и исплати вкупен износ од 4,700 евра во денарска противвредност.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантката во предметот Зенделска против Северна Македонија А.бр.18364/21, да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот, да изрази еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права со која ќе ја признае повредата на Европската конвенција за човекови права и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантката да и понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

**Точка 37**

Владата го разгледа Известувањето во врска со информациите за правосилност на пресудите на Европскиот суд за човекови права во предметите АД Осигурителна полиса Скопје и други против Република Северна Македонија А. бр.62544/19 и 6430/20 и нејзиното извршување, разгледани на Сто четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јануари 2026 година, точка 32 и точка 33, како материјал за информирање.

**Точка 38**

Владата ја донесе Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2026 година.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на затворската полиција за 2026 година.

**Точка 40**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации (*) и го утврди со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација да го усогласи текстот на Предлогот на закон и кореспондентните табели со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација, пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации (*), да го достави до Министерството за европски прашања, со цел истиот да се достави на мислење до Европската комисија.

Министерството за дигитална трансформација да ја извести Владата за понатамошното постапување по текстот на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации (*).

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандум за разбирање за соработка во областа на сајбер-безбедноста помеѓу администрацијата на Државната служба за специјални комуникации и заштита на информации на Украина и Министерството за дигитална трансформација на Република Северна Македонија, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање за соработка во областа на сајбер-безбедноста помеѓу администрацијата на Државната служба за специјални комуникации и заштита на информации на Украина и Министерството за дигитална трансформација на Република Северна Македонија.

2. Се овластува м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, да го потпише Меморандумот за разбирање за соработка во областа на сајбер-безбедноста помеѓу администрацијата на Државната служба за специјални комуникации и заштита на информации на Украина и Министерството за дигитална трансформација на Република Северна Македонија.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Компјутерски науки“ на англиски јазик на Факултетот за современи науки и технологии при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Компјутерски науки“ на англиски јазик на Факултетот за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Економија“ на Факултетот за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го даде Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Економија“ на Факултетот за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Бизнис администрација“ на англиски јазик на Факултетот за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Бизнис администрација“ на англиски јазик на Факултетот за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Бизнис администрација“ на Факултетот за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го даде Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Бизнис администрација“ на Факултетот за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Дизајн и технологии на мебел и ентериер" на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, со Предлог-решение ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Дизајн и технологии на мебел и ентериер" на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Економија" на англиски јазик на Факултет за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Економија" на англиски јазик на Факултетот за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Историја на уметност и археологија" на Филозофскиот факултет во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Историја на уметност и археологија" на Филозофскиот факултет во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Менаџмент" на англиски јазик на Факултетот за економски и административни науки при Меѓународен Балкански Универзитет - Скопје, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Менаџмент" на англиски јазик на Факултет за економски и административни науки при Меѓународен Балкански Универзитет – Скопје.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Економија" на англиски јазик на Факултетот за економски и административни науки при Меѓународен балкански универзитет - Скопје, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Економија" на англиски јазик на Факултет за економски и административни науки при Меѓународен балкански универзитет - Скопје.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС)

по „Етнокореологија“ на Музичка академија при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го даде Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Етнокореологија“ на Музичката академија при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за проектот „Реконструкција на атлетска патека во Општина Велес“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2026 и 2027 година на Министерство за спорт, за реализација на проектот „Реконструкција на атлетска патека во Општина Велес“, во вкупна вредност од 20.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 10.000.000,00 денари во 2026 година и
- 10.000.000,00 денари во 2027 година.

2. Се задолжува Министерството за спорт да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 53**

Владата ја донесе Програмата за задолжителна и препорачана имунизација низ целиот живот за 2026 година.

**Точка 54**

Владата ја донесе Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 55**

Владата ја донесе Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 56**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Специјализирана болница за нефрологија - Струга (апарати за хемодијализа).

**Точка 57**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за нефрологија - Скопје (апарати за хемодијализа).

**Точка 58**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 Септември“ -Скопје (пет апарати за хемодијализа).

**Точка 59**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средствата од игрите на среќа и забавните игри за финансирање на субјектите - корисници од дејноста спорт за 2026 година.

**Точка 60**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање во закуп на дел од недвижна ствар со непосредна спогодба на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, поради потребата предлагачот да се усогласи со Министерството за финансии – Управа за имотно правни работи.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на дневен ред на седница на Влада.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Годишната програма за работата на Државниот завод за ревизија за 2026 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 9 точка 2) од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21 и 3/25), главниот државен ревизор ја донесува Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија и истата согласно член 23 став (2) од Законот ја доставува до Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до декември тековната година за наредната година, заради информирање.

Постапувајќи по горенаведените одредби од Законот, Државниот завод за ревизија со допис бр.01-1128/3 од 25.12.2025 година до Собранието на Република Северна Македонија, ја доставил Годишната програма за работа за 2026 година.

Согласно доставената Годишна програма, Државниот завод за ревизија во текот на 2026 година планира да изврши најмалку 237 ревизии, од кои 217 ревизии на регуларност, 13 ревизии на успешност, три ревизии на усогласеност и четири ревизии на спроведување на конечните ревизорски извештаи од минат период.

Воедно, Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија содржи и активности кои Државниот завод за ревизија планира да ги реализира во насока на обезбедување на висок степен на транспарентност и отчетност, заради навремено информирање на јавноста и за подобрување на комуникацијата со сите надворешни заинтересирани страни.

Годишната програма за работа, Државниот завод за ревизија планира да ја реализира со вкупно 143 вработени од кои 130 се овластени државни ревизори, девет вработени се во секторите за административна поддршка на ревизијата, тројца вработени се со статус на помошно технички персонал и еден вработен е именуван за Генерален секретар.

Финансиските средства потребни за спроведување на активностите содржани во Годишната програма за работа се планирани и одобрени во вкупен износ од 212,9 милиони денари од кои 207,9 милиони денари се на сметката (637), а 5 милиони денари се на сметката (631). Во структурата на расходите најголемо учество од 83,6% (173,8 милиони денари), имаат расходите за плати и надоместоци на вработените, по нив следуваат расходите за стоки и услуги со учество од 12,3% (25,6 милиони денари), капиталните расходи со учество од 3,9% (8,1 милиони денари) и најмало учество од 0,2% (451 илјада денари), имаат расходите за субвенции и трансфери.

Оттука, имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по однос на доставената Годишна програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2026 година.

**Точка 62**

Владата ја одложи од разгледување Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2026 година, со Финансиски план за 2026 година и Одлука за определување на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок за 2026 година, поради потребата Министерството за транспорт во соработка со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство, да подготви и до Владата да достави заедничко (обединето) мислење.

**Точка 63**

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.13/2025 од 19 ноември 2025 година за поведување постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/25), со издвоено мислење и притоа го утврди следново мислење:

Во Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.13/2025 од 19 ноември 2025 година во точка 1 е наведено дека се поведува постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/25), додека во точка 2 од Решението е наведено дека се отфрла Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на членовите 3 и 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.193/24). По однос на наведеното Решение, судот донел и издвоено мислење во кое е наведено дека на седницата на која биле оспорени член 3 и член 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.193/24), судот одлучил да ја отфрли Иницијативата, но истовремено со мнозинство гласови одлучил по сопствена иницијатива да поведе постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/25).

Владата нема забелешки по однос на точка 2 од Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.13/25 од 19 ноември 2025 година, како и по однос на издвоеното мислење е на истиот став.

Во однос на точка 1 од наведеното Решение се поведува постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/25) со кој одредбите од членот 37 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република

Македонија” бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24 и 75/25) не се применуваат во периодот од 1 септември 2025 година до 31 март 2026 година и став (2) сите видови на пензии, кои се исплаќаат во Република Северна Македонија, на 1 септември 2025 година и на 1 март 2026 година се усогласуваат на начин што вкупниот месечен износ добиен од процентот за зголемување на пензиите пресметан како збир од 50% на порастот на индексот на трошоците на живот и 50% на порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во Република Северна Македонија во претходното полугодие кое му претходи, објавени од Државниот завод за статистика, се дели на вкупниот број на корисници на пензија кое правото на пензија го оствариле, заклучно со 31 август 2025 година, односно 28 февруари 2026 година.

Владата и понатаму останува на ставот дека оспорениот член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/25) е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 64</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.177/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 24 став 7 во делот „составот или употребата на одредени суровини, хемикалии или други материјали или производи може да“ и член 28 став 5 во делот „составот или употребата на одредени суровини, хемикалии или други материјали или производи“ од Законот за контрола на индустриски емисии („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.193/25) и притоа го утврди следното мислење:

I. Се смета дека Иницијативата е неоснована и дека оспорените законски одредби се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, како и со меѓународните обврски и европското законодавство во областа на животната средина.

II. Во однос на наводите за повреда на член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот (владеење на правото)

Наводите дека со оспорените одредби се воведува „дерегулација“ без уставна основа не се прифатливи.

Со член 24 став 7 и член 28 став 5 од Законот за контрола на индустриски емисии не се воспоставува неограничена можност за прогласување информации за „деловна тајна“, туку јасно се утврдува дека таков третман е дозволен само во согласност со прописите што ја уредуваат заштитата на деловната тајна и тоа како исклучок, а не како правило.

Законот не ја остава оваа можност на произволна одлука на операторот, туку ја поврзува со:

- конкретна документација доставена во постапката за издавање на интегрирана еколошка дозвола;
- применливите прописи за заштита на деловна тајна;
- обврската за јасно означување и образложување на таквата информација.

Со тоа се обезбедува правна предвидливост и јасност, што е во согласност со начелото на владеење на правото.

III. Во однос на правото на информираност и заштитата на здравјето и животната средина

Наводите дека со оспорените одредби се ограничува правото на јавноста да биде информирана за прашања од значење за здравјето и животната средина не се основани.
Законот за контрола на индустриски емисии мора да се толкува системски, во врска со:
- Законот за животната средина,
- Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер,
- Архуската конвенција.

Информациите кои се однесуваат на емисии во животната средина, нивното влијание врз здравјето на луѓето и животната средина, согласно овие прописи, не можат да бидат предмет на ограничување како деловна тајна. Оспорените одредби не ја менуваат оваа правна позиција, ниту пак ја укинуваат обврската на надлежните органи за транспарентност.

IV. Во однос на усогласеноста со правото на Европската Унија

Законот за контрола на индустриски емисии е донесен со цел усогласување со Директивата 2010/75/ЕУ за индустриски емисии, која исто така предвидува балансирање помеѓу:
- правото на јавноста на пристап до информации и
- заштитата на легитимни деловни интереси.

Оспорените одредби се директно инспирирани од ваквите европски решенија и не претставуваат отстапување од европските стандарди за заштита на потрошувачите, јавното здравје и животната средина.

V. Имајќи го предвид наведеното, се смета дека:
- оспорените делови од член 24 став 7 и член 28 став 5 од Законот за контрола на индустриски емисии се јасни, прецизни и правно оправдани;
- истите не се во спротивност со член 8 и член 39 од Уставот;
- не постојат уставно-правни основи за поведување постапка за оценување на нивната уставност.

Тргнувајќи од ова, Владата на Република Северна Македонија му предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка по поднесената Иницијатива, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на наведените членови од Законот.

## Точка 65

Владата ја разгледа Понудата од нотар Антонио Јанчев од Гевгелија, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.7501, за КО Гевгелија, на КП бр.7069, викано место/улица „Маршал Тито“ и Имотен лист бр.2661, за КО Гевгелија, на КП бр.7069, викано место/улица „Маршал Тито“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 66

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2355, за КО Јурумлери, на КП бр.261/3, викано место/улица ,,Герани” и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството

за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката-Скопје.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Богданка Бакаловска од Ресен, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.532 и Имотен лист бр.56059, за КО Ресен, на КП бр.5522, викано место/улица „И.Р.Лола“ и по Понудата ги усвои Известувањето на Министерството за транспорт и негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Дејан Павлоски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.8027, за КО Ѓорче Петров 1 – Ново Село, на КП бр.238, викано место/улица „ул.108“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Гоце Павловски од Ресен, за продажба на недвижен имот - земјиште на КП бр.5427, за КО Ресен, евидентиран во Имотен лист бр.503 викано место/улица „К.Мисирков“, како и недвижен имот – објект од КП бр.5427, КО Ресен, евидентиран во Имотен лист бр.5995 и по Понудата го усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 70**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Јадранка Пајиќ Поп Кочева од Скопје, доставено под И.бр. 526/2024 за Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 25 февруари 2026 година, за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.453, за КО Виничани, на КП бр.225, викано место/улица „Лаката“ и по истото не ја прифати понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 71**

Владата ги разгледа финансиските извештаи за годината завршена на 31 декември 2024 година, со Извештај на независниот ревизор на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА), како материјал за информирање.

**Точка 72**

1. Владата ја разреши Даниела Иротова-Лазарева, од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

2. Владата ја именува Даниела Иротова-Лазарева, за директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го разреши Коста Начевски, од должноста директор на Управата за наменско производство, орган во состав на Министерството за економија и труд.

4. Владата ја именува Фросина Симоновска Антевски, за вршител на должноста директор на Управата за наменско производство, орган во состав на Министерството за економија и труд и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата го разреши Алајдин Алиу, од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија Скопје.

6. Владата формира Комисија за селекција за избор на еден член на Управниот одбор во Јавното претпријатие Национална радиодифузија Скопје, во следниот состав:
- Благоја Ташаминов-претседател
- Анета Стојановска – заменик-претседател

од редот на вработените во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија:
- Марија Апостолова Николовска-член
- Дејан Герасимовски - заменик-член

од Секторот за човечки ресурси во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија:
- Надица Апостоловска - член
- Даниела Ѓоргиевска Костадиновска - заменик-член

од редот на вработените во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија;
- Шиќири Коруми - член
- Љупчо Камчев - заменик-член

од редот на вработените во Јавното претпријатие Национална радиодифузија Скопје:
- Кристина Чулева - член
- Куштрим Јакупи - заменик-член

7. Владата го именува Илија Китаноски, за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о.

8. Владата го разреши Фатмир Сабриу од Министерството за социјална политика, демографија и млади од должноста секретар на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи, на негово барање.

9. Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа - Валандово, ги именува:
- Ванѓелина Ристова и
- Ивана Митев.

10. Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Куманово, ги именува:
- Марија Бајдевска Спирковска и
- Зоран Цветковски.

11. Владата го разреши Шенаси Точи од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат - максилофацијална хирургија - „Академик Илија Васков“, поради судир на интереси, на негово барање.

11.1 Владата ја именува Бахар Љама за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат - максилофацијална хирургија - „Академик Илија Васков“.

12. Владата ја именува Мевлане Небиу Шабани, за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје.

13. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да распише оглас во најмалку две јавни гласила од кои едно е на службен јазик различен од македонскиот јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, за именување на државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Кичево.

14. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да распише оглас во најмалку две јавни гласила од кои едно е на службен јазик различен од македонскиот јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, за именување на државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Струмица.

15. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да распише оглас во најмалку две јавни гласила од кои едно е на службен јазик различен од македонскиот јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, за именување на државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Тетово.

16. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да распише оглас во најмалку две јавни гласила од кои едно е на службен јазик различен од македонскиот јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, за именување на државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Гостивар.

17. Владата на предлог на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија заклучи на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на јавното претпријатие, да објави Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на еден член на Управниот одбор во Јавното претпријатие Национална радиодифузија Скопје.

**Точка 73**

**1**.Владата по повод одбележувањето на 22 години од трагичната смрт на поранешниот Претседател Борис Трајковски и на членовите на Делегацијата, кои загинаа заедно со него, ги донесе следните заклучоци:

1. Определи Делегација во следниот состав:

- Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт,

- м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа и
- Муамед Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање,

да присуствуваат на положување цвеќе, на 26 февруари 2026 година, во 10 часот на Градските гробишта Бутел во Скопје.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди цветен аранжман и венци за свеченото положување на цвеќе и превоз за Делегацијата, на 26 февруари 2026 година.

**2**. Владата го разгледа Предлогот-налог за работа за Проектот: Интерконекција Македонија – Албанија – Фаза 1, LOT 1 – 400 kV изградба на далекувод од 400/110 kV ТС Битола 2, преку 400/110 kV ТС Охрид, до македонско/албанската граница, со текст на Налог за работа и го усвои со следните заклучоци:

1) Се овластува Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, да го потпише Налогот за работа, за и во име на Владата на Република Северна Македонија, согласно Рамковниот договор за правни услуги склучен помеѓу: (1) Владата на Република Северна Македонија („Клиент“) и (2) Fenwick Elliott LLP („FE“), со датум од 27 мај 2025 година („Договорот“).

2) Се задолжува Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт (во својство на претседавач на Координативното тело за следење на арбитражни постапки), да го достави потпишаниот Налог за работа до Адвокатската куќа Fenwick Elliott LLP („FE“).

**3**. Владата го задолжи Министерството за односи меѓу заедниците за наредната седница на Владата, да подготви предлог-одлука за давање во закуп на недвижна ствар во сопственост на Република Северна Македонија со непосредна спогодба на Културно уметничко друштво Српски Вез – Куманово.

**4**. Владата на предлог на д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, а во врска со потребата од усогласување на буџетската терминологија со ромската инклузија, го задолжи Министерството за финансии во соработка со надлежните министерства, при подготовката на следниот ребаланс на Буџетот на Република Северна Македонија, во Раздел 13001 – Министерство за транспорт – Потпрограма 11; Раздел 15001 – Министерство за социјална политика, демографија и млади – Потпрограма 43; Раздел 16001 – Министерство за образование и наука – Потпрограма 11 и Раздел 19001 – Министерство за здравство – Потпрограма 80; да го изменат терминот и наместо „Поддршка на имплементација на Декадата и Стратегијата за Ромите“ да стои „Поддршка за имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите“.

**5**. Владата во врска со укажувањето на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, во однос на алармантната состојба во Управата за хидрометеоролошки работи од аспект на човечките ресурси го задолжи директорот на Управата за хидрометеоролошки работи, во редовна владина постапка да достави информација со која што ќе ја извести Владата за тековните проблеми на функционирањето на Управата, од овој аспект.

**<u>Точка 74</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на големиот ИПА проект „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и проширување на канализационата мрежа во Тетово“ и исходот од постапката за преговарање за Лот 1 и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се задолжува Министерството за финансии-Сектор за централно финансирање и склучување на договори, да продолжи со постапката за склучување на договорите за градежни работи и Договорот за услуги (надзор на градежните работи) за проект „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и проширување на канализационата мрежа во Тетово“.

2.Се задолжува Министерството за финансии, за договорите за градежни работи и Договорот за услуги (надзор на градежните работи) за целосна реализација на проектот за „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и проширување на канализационата мрежа во Тетово“ да ги обезбеди потребните средства како национално кофинансирање (заради надминување на рокот на прифатливост на ИПА средствата во рамки на програмата) од Буџетот на Република Северна Македонија за 2027 и 2028 година, односно согласно динамиката на реализација на проектот и согласно заклучоците од точка 65 од Триесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 ноември 2024 година.

**<u>Точка 75</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на мерката од Реформската агенда 2024-2027 - мапирање на 100 административни постапки согласно начелото на зачестеност и релевантност во однос на работењето на МСП  и најмалку 50 % од постапките за половина ги намалиле чекорите, времетраењето на постапката и потребната документација и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Ја усвои Листата од 100 административни постапки мапирани врз основа на принципот на фреквенција и релевантност за работењето на МСП.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за култура и туризам, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, Министерството за финансии - Царинска управа  и Агенцијата за храна и ветеринарство, а се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Агенцијата за катастар на недвижности и Централниот регистар на Република Северна Македонија да го пополнат Образецот за спецификација на административна постапка, за постапките во нивна надлежност и истиот да го достават до Министерството за економија и труд, најдоцна до 27.2.2026 година.

3. Се задолжува Министерството за економија и труд  да достави до Владата на Република Северна Македонија Информација за предлог – методологија за поедноставување на административните постапки, најдоцна до 12.3.2026 година.

**<u>Точка 76</u>**

Владата ја донесе Одлуката за спојување на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија Скопје со Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија Скопје во Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија и кардиоваскуларна хирургија „Национален центар за кардиоваскуларни заболувања“ Скопје (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**<u>Точка 77</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги АТА-ФАРМ ГРУП увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги АТА-ФАРМ ГРУП увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 78</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Каннабиноидс ДОО увоз-извоз Кочани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Каннабиноидс ДОО увоз-извоз Кочани, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 79</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Греен лифе ДОО, с. Јосифово, Валандово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Греен лифе ДОО, с. Јосифово, Валандово, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 80</u>**

Влада ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Лифе плант ДОО увоз-извоз, Струмица, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Лифе плант ДОО увоз-извоз, Струмица, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 81</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги ЦБД МЕДПЛАНТ ДОО с.Борисово, Ново Село , со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 82</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, промет, трговија и услуги Алпхапхарм гроуп ДОО Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за

престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, промет, трговија и услуги Алпхапхарм гроуп ДОО Скопје, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 83**

Владата го разгледа Барањето на Владимир Бојаниќ, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, по член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за спорт.

**Точка 84**

Владата ја донесе Уредбата за начинот на утврдување на платите, додатоците на плата и надоместоците на определени трошоци во дипломатско-конзуларно претставништво.

Истовремено, Владата заклучи, Министерството за одбрана во соработка со Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да го усогласи актот со кој е уредено утврдувањето на платите и другите надоместоци на вработените во Министерството за одбрана кои вршат должност во дипломатско-конзуларните претставништва со Законот за надворешни работи.

**Точка 85**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање Меѓуресорска комисија за спроведување на политиката за упатување лица од Република Северна Македонија во меѓународни мисии и меѓународни организации и за упатување на лица во меѓународни мисии и меѓународни организации.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Димзовска против Северна Македонија А.бр. 28268/21 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за спогодбено решавање на предметот Димзовска против Северна Македонија А.бр. 28268/21.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата, на апликантката од предметот Димзовска против Северна Македонија А.бр. 28268/21, ќе и исплати вкупен износ од 4,500 евра, во денарска противвредност.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантката во предметот Димзовска против Северна Македонија А.бр. 28268/21, да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот, да изрази еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права со која ќе ја признае повредата на Европската конвенција за човекови права и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права, на апликантката да и понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите против Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права Петрушевски и др. А.бр. 1345/24 и 18 други апликации, со прилог и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот против Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права Петрушевски и др. А.бр. 1345/24 и 18 други апликации.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата, на апликантите од предметите Петрушевски и др. А.бр. 1345/24 и 18 други апликации (како во табелата во прилог составен дел на оваа информација) ќе им исплати вкупен износ од вкупно 55.380 евра во денарска противвредност, или поединечно по апликација, односно по апликант - износот наведен во табелата во прилог составен дел на оваа информација).

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантите, во предметите Петрушевски и др. А.бр. 1345/24 и 18 други апликации да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметите, да изрази еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права со која ќе ја признае повредата на Европската конвенција за човекови права и за целите на конечно решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметите.

* * *

Заклучокот под реден број 2. е променет на Сто педесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 март 2026 година, точка 85, Прашања и предлози, со тоа што во истиот, наместо „55.30 евра“ да биде „55.380 евра“.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Митровски против Република Северна Македонија А.бр.46011/22 и Гиевски против Република Северна Македонија А.бр46080/22 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за спогодбено решавање на предметите Митровски против Северна Македонија А.бр.46011/22 и Гиевски против Северна Македонија А.бр. 46080/22.

2.Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата, на апликантите од предметите Митровски против Северна Македонија А.бр.46011/22 и Гиевски против Северна Македонија А.бр. 46080/22), ќе им исплати вкупен износ од 7.700 евра (по 3.850 евра на секој апликант за надомест на нематеријална штета, како и трошоци) во денарска противвредност.

3.Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантите во предметите Митровски против Северна Македонија А.бр.46011/22 и Гиевски против Северна Македонија А.бр.46080/22, да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметот, да изрази еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права со која ќе ја признае повредата на Европската конвенција за човекови права и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Смилков против Северна Македонија А.бр.57830/21 и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за спогодбено решавање на предметот Смилков против Северна Македонија А.бр.57830/21.

2.Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата, на апликантот од предметот Смилков против Северна Македонија А.бр.57830/21, ќе му исплати вкупен износ од 4.750 евра во денарска противвредност.

3.Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, во случај апликантот во предметот Смилков против Северна Македонија А.бр.57830/21 да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот, да изрази еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права со која ќе ја признае повредата на Европската конвенција за човекови права и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права, на апликантот да му понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

*

*      *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:00 часот.